# Стратегија за млади на Општина Битола

## [2014-2019]

*Овој документ претставува предлог Стратегија за млади на Општина Битола*

## Содржина


Порака од градоначалникот на Општина Битола 2

Вовед 3

Општина Битола 3

Историја на процесот 4

Заклучоци од истражувањето за состојбата на младите во Битола 7

Поврзаност помеѓу Стратегијата за млади и други стратешки документи на Општина Битола 11

Принципи на Стратегијата за млади (2014-2019) 12

Стратешки области на делување 13

Анализа на силните и слабите страни на стратешките области 18

Следење и оценување 21

Анекс 1: План на активности за 2014/2015 година 23

Анекс 2: Листа на организации и чинители кои учествуваа во процесот 27

Анекс 3: Анализа на потребите на младите во Општина Битола 28



ПОРАКА на **,,СТРАТЕГИЈАТА ЗА МЛАДИ“**

Пораката која општеството ја испраќа е дека добрите навики формирани во текот на младоста, се тие што прават разлика во понатамошниот животен стил. Постојаната и систематски организирана подршка на младите луѓе значи подобра иднина која понатаму ќе влијае како врз создавањето на услови за подобар живот на младите луѓе, така и врз понатамошниот економски развој. Треба да им помагаме на младите со тоа што ќе веруваме во нив, затоа што:

“Старите поседуваат мудрост, возрасните поседуваат енергија и знаење а младите имаат желба и потреба да ги надминат очекувањата на претходните генерации”

Градоначалник на Општина Битола

Д-р Владимир Талески

---------------------------

# Вовед

Пред Вас е „Стратегијата за млади“ која претставува документ за застапување и поддршка на младинските организации и организации кои работат со млади, како и оние кои не членуваат во некоја структура, да се посветат на подобрување на младинските интеракции преку ангажирање во заедницата, обука на јавната администрација, теренски програми за млади и проактивна употреба на мулти-дисциплинарен пристап кон проблемот. Преку оваа стратегија која заедно ја создадовме, вложуваме во процесот да се изградат и зајакнат односите меѓу Општина Битола и младите како и младинските организации.
Соработката помеѓу младите и влијанието на младите во сите области на јавната политика, како и соработката во креирањето политики е многу важна за да се постигне целосна вклученост на младите. Во контекст на последново, младите луѓе, треба да бидат во можност да се искажат во структуриран дијалог со институциите при што заедно ќе можеме да ги идентификуваме и решаваме проблемите на младите. Обемот на оваа рамка треба да се прошири и да достигне до младите луѓе со помали можности, за што сите чинители во овој процес искрено се залагаат.

Нашата визија е до 2019 година Општина Битола да има овозможено активна соработка и вклучување на младите (на возраст од 16 до 25 години) во локалните политики, преку низа мерки кои заедно се дефинираа со младите. Меѓу нашите стратешки цели се и воспоставување на дијалог помеѓу општината и младите преку институционален развој за младински прашања и создавање на локален младински совет, поттикнување на младинскиот активизам и учество на младите во општеството, овозможување на логистичка и програмска поддршка, како и зголемена достапност на неформално образование во средните училишта и секако интервенции во пазарот на труд со цел поддршка за вработување на младите.

## Општина Битола

Општината се наоѓа во југозападниот дел на Република Македонија. На запад општината се граничи со Општина Ресен, каде границата меѓу двете општини минува низ Баба планина. Јужната граница е државната граница со Грција. На исток и североисток општина Битола се граничи со Општина Новаци и Општина Могила, додека на север со Општина Демир Хисар. Општината се наоѓа во Пелагониската котлина, достигнувајќи ги највисоките врвови на планината Баба со врвот Пелистер. Низ општината тече река Црна.






**Вкупно население на Општина Битола според возраст[1]**

| Општина | Вкупно | Возрасни групи (мажи и жени) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 0-14 | **15-29** | 30-44 | 45-59 | 60-74 | 75-85⁺ | непозната возраст |
| Битола | 95385 | 16228 | **20665** | 20224 | 19549 | 13815 | 4874 | 30 |

| Општина | Вкупно | Возрасни групи – **мажи** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 0-14 | **15-29** | 30-44 | 45-59 | 60-74 | 75-85⁺ | непозната возраст |
| Битола | 46969 | 8273 | **10388** | 10041 | 9950 | 6301 | 2008 | 8 |

| Општина | Вкупно | Возрасни групи - **жени** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 0-14 | **15-29** | 30-44 | 45-59 | 60-74 | 75-85⁺ | непозната возраст |
| Битола | 48416 | 7955 | **10277** | 10183 | 9599 | 7514 | 2866 | 22 |

**Вкупно население на Општина Битола според национална припадност**

| **Етнички групи** | **%** | **Население** |
|---|---|---|
| Македонци | 88,70 | 84616 |
| Албанци | 4,36 | 4164 |

[1] Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002 год

| | | |
|---|---|---|
| Турци | 1,68 | 1610 |
| Роми | 2,74 | 2613 |
| Власи | 1,33 | 1270 |
| Срби | 0,56 | 541 |
| Бошњаци | 0,02 | 21 |
| Останати | 0,57 | 550 |
| Вкупно | | 95385 |

## Историја на процесот

Оваа Стратегија се темели на планирање на активности за развој на политиките за млади во период од 2014 до 2019 година, врз основа на испитување на потребите на младите во Битола кое се спроведе на почетокот на 2014 година, дополнето со семинар за визионирање и подготовка на план, одржан во Охрид во март 2014. Семинарот овозможи релевантните страни засегнати од изработката на стратегијата да се сретнат, разговараат за клучните младински прашања во Битола и да предложат идеи и насоки за работа. На настанот имаше 10 претставници на Општината (Совет на општина и општинска администрација) и 10 претставници на младински организации и организации кои работат со млади. Целта на овој семинар беше вклучените страни да добијат процес на партиципативно планирање и решавање на проблемите и потребите. Со тоа,

- подготвија специфични планови- стратегии, решенија, акциони планови;
- се заложија за посветеност и способност за спроведување на одлуките и стратегиите;
- понудија повеќе иновации, поголемо портфолио на идеи;
- развија заедничка рамка за донесување одлуки, комуникација, планирање и решавање на проблеми, и
- заедно придонесоа кон поттикнување на иницијатива и одговорност.

По семинарот следуваа и три работилници за Локална младинска стратегија на Општина Битола кои се одржаа во месец март и април во зградата на Општина Битола, на кои беа дискутирани сите резултати добиени низ процесот за создавање на стратешки документ. Целиот процес кој беше фацилитиран од Центарот за меѓукултурен дијалог, а во соработка со Програмата за развој на Обединетите Нации (во рамки на проектот „Гласот на Младите, граѓански ангажман и учество на локално ниво“) и Агенцијата за млади и спорт, базиран на принципот „од долу-нагоре[2]“ и по методологија на отворено учество.

Во Европската Унија се говори дека само со комуникација се обезбедува стратегија за иднината на младинските политики. Со неа се обидуваме да воспоставиме меѓу- секторски пристап и да ги поттикнеме младите луѓе да се соочат со голем број на актуелните предизвици, особено во однос на образованието, вработувањето, социјалната инклузија и здравјето. Визијата на ЕУ за младите луѓе е основана на два пристапи:

- инвестирање во младите, и
- зајакнување на младите.

Притоа и овој процес на создавање на стратегија за млади како и фазите на имплементација на стратегијата за млади целосно се водени од овие два принципа. Општина Битола инвестира во младите преку стратешкото работење, ангажирање на капацитети и знаење, а притоа преку заедничко управување со политиката за млади и споделување на можности и одговорности се постигнува и зајакнување на младите за да самите можат да ја направат општината место кое ќе биде нивен дом.

---

[2] Од врвот - надолу и од дното - нагоре се двете стратегии на обработка на информации и знаење кои се користи во различни области, вклучувајќи софтвер, хуманистички и научни теории, како и управување и организација. „Од долу- нагоре“обработка е еден вид на обработка на информации врз основа на влезните податоци од животната средина да се формира перцепција. Оваа стратегија често личи на "никулец" при што почетоците се мали, но на крајот расте во сложеност и комплетност.

# Заклучоци од истражувањето за состојбата на младите во Битола

Во периодот од февруари до април, Центар за меѓукултурен дијалог во соработка со Програмата за развој на Обединетите Нации, Агенцијата за млади и спорт и Општина Битола, работеше на поддршка на процесот на креирање на Локална младинска стратегија на Општина Битола. Како дел од тој процес во месец февруари беше спроведена проценка на потребите на младите луѓе во општината. Проценката вклучи:

- Анализа на постоечки документи (стратегии и истражувања) кои ги опфаќаат младите во Битола;
- Квантитативно истражување - Реализација на прашалник со младите и граѓанските организации кои се предводени или работат со млади;
- Квалитативно истражување - Фокус групи со институции и организации.

Врз основа на собраните податоци, тимот направи анализа која беше користена во креирањето на стратегијата за млади на општина Битола. Заклучоците од анализата се сумирани и служат за потребите на стратегијата.

## Анализа на квантитативното истражување

Квантитативното истражување се спроведе со анкетен прашалник со повеќе од 50 прашања дистрибуиран на примерок од 122 млади од 15 до 29 годишна возраст, припадници на различни етнички заедници кои живеат во урбани и рурални делови на општина Битола. Прашалникот освен демографските податоци, содржи прашања од неколку аспекти и тоа:
1. Задоволство на младите од квалитетот на животот во општина Битола;
2. Перцепција на проблемите кои најмногу ги загрижуваат;
3. Перцепција за одговорните структури во решавањето на младинските прашања;
4. Перцепција за влијанието на младите врз решавањето на нивните проблеми;
5. Перцепција за начинот за решавање на проблемите;
6. Подготвеност за активирање и вклучување во различни активности;

Анализата се спроведе на 117 анкетни прашалници (5 прашалника се отфрлени), а добиените резултати ја даваат сликата за потребите на младите во општина Битола и проблемите со кои се соочуваат.

**1. Задоволство на младите од квалитетот на животот во општина Битола:**

Задоволството од квалитетот на животот на младите во Битола е неодредено, сумираните одговори на оваа прашање не покажуваат ниту задоволство, но ниту незадоволство од животот во општина Битола. На скала од 1 до 5, добиениот среден резултат е 2,7.

Во целина земено младите во Битола се задоволни, односно:

- изразуваат спремност да се вклучат во работата на младински центар или клуб на млади во општината,
- се чувствуваат почитувани и вреднувани во својата заедница,
- сметаат дека живеат нешто подобро од младите во повеќето места во Македонија;

но во исто време не се задоволни односно сметаат дека

- во Битола е присутен и проблемот со младинската невработеност, односно недостатокот на можности за вработување,
- недоволноно се препознаени и решавани проблемите на младите од сите чинители во градот.

2. **Проблеми кои најмногу ги загрижуваат младите**:

Од истражувањето не може да се заклучи дека младите се загрижени од исти проблеми туку секоја група на млади има одговорено според сопствените приоритети. Притоа неколку проблеми се идентификуваат како најраспространети кај младите и тоа:

- најмногу ги мачи младинската невработеност и распространетоста на болестите на зависност помеѓу младите,
- ги загрижува отсуството на животна перспектива помеѓу младите, нискиот животен стандард и слабата мобилност, а проблем им е и окупираноста на младите со забава и трошење,
- се сложуваат дека апатичноста и незаинтересираноста истотака е загрижувачки проблем кај младите.

3. **Одговорност за решавање на младинските прашања:**

Кога станува збор за тоа кого битолската младина го смета за најодговорен за решавање на проблемите со кои се сретнуваат

- најмногу одговорност си припишуваат себе си, односно на самите млади,
- нешто помалку за одговорни ги сметаат и родителите,
- одредена одговорност припишуваат на младинските здруженија, училиштата и државните институции,
- додека за најмалку одговорни ги сметаат верските заедници, но исто така имаат мислење дека не може никој да не е одговорен за младинските состојби во градот.

4. **Влијанието на младите врз решавањето на нивните проблеми:**

Младите во општина Битола се сметаат за влијателни, од анкетираните 63% сметаат дека имаат големо влијание за решавање на нивните проблеми. Оние кои сметаат дека младите имаат мало (27 %) или немаат никакво влијание (10%) причините ги гледаат во инертноста и апатичноста на младите, а нешто помалку причината ја гледаат во општата општествено-политичка ситуација во која се наоѓа државата. Мал дел од младите причината ја гледаат во неспремноста на локалните власти за соработка со младите, но и отсуството на механизми за поттикнување на младинско учество на локално ниво. Од ова може да се заклучи дека младите во Битола се свесни дека постојат можности за решавање на проблемите но дека самите не се активни во искористување на овие можности.

5. **Начин за решавање на проблемите на младите**:

Младите во Битола се сложуваат дека за решавање на младинските проблеми е потребно:

- изготвување на младинска стратегија, како јавна политика за млади на општината,
- намалување на младинската невработеност и обезбедување на квалитетно образование во согласност со потребите на пазарот на трудот,
- посебно се истакнува и потребата од обезбедување на поддршка на младинските организации.

Интересно е што поттикнувањето на младинскиот активизам и учеството во одлучувачките процеси според мислењето на младите не е приоритет во однос на решавање на проблемите со кои се сретнуваат.

6. **Подготвеност за активирање и вклучување во различни активности во заедницата:**

Вклучување во работа на хуманитарни организации, вклучување во волонтерски иницијативи, донирање и собирање на парични средства се области каде младите се најподготвени да се активираат.
Нивната желба за вклучување е нешто помала кога станува збор за активирање преку гласање на избори, поддржување и потпишување петиции и иницијативи како и вклучување во организирање на граѓански протести, додека најмалку се спремни да бидат дел до работата на подмладоците на политичките парти.

## Анализа на квалитативното истражување

Добиените резултати од квалитативното истражување укажуваат на извесни проблеми кои бараат решавање преку заедничка политика за млади. Претставниците на локалните институции (Општината и Советот на општина Битола) сметаат дека е:

- Потребен е интревенциски пристап. Нивното гледиште е дека младите не се самоиницијативни и не се доволно мотивирани, потребно е да се поттикнуваат и охрабруваат преку давање на можности и иницјативи кои доаѓаат од возрасните односно институциите;
- Потребен е поширок приод во решавање на младинските прашања и зголемен ангажман на сите чинители на државно ниво кои ќе бидат од помош во напорите на локалните власти во обезбедување на учество и активирање на младите;
- Потребено е да се обезбеди простор и просторни услови за младите во општината со што ќе се придонесе кон поттикнување на младите, дружењето на социјалните мрежи да го заменат со спортски, музички и други креативни активности;

Претставниците на граѓанскиот сектор сметаат дека :

- Според самиот граѓански сектор, младинските организации немаат капацитети да поттикнат поголема вклученост на младите во развојните процеси на заедницата;

- Младите не се вклучени во одлучувачките процеси во заедницата, а според нив локалните процеси на одлучување не се отворени кога се во прашање младите. Честопати граѓанскиот сектор бара поголема транспарентност и повеќе слух за нивните идеи.
- Просторните услови за работа со младите и за работа на самите млади е најважниот аспект кој бара решавање;
- Во општината има потреба од одделение за соработка со граѓанскиот сектор, кое ќе биде само за соработка со организациите. Во прилог на тоа, потребно е формирање на Локален младински совет, кој ќе ги претставува сите млади и сите младински организации како и политичките подмладоци. Така ќе може најдобро и најсилно да се влијае на одлучувачките процеси во општината;
- Потребно е обезбедување на поголеми буџетски средства за младите и младинските политики на локално ниво.

## Зошто да ги вклучиме младите во креирање јавни политики?

Во последниве неколку години забележано е дека граѓанските организации на територија на Република Македонија сè повеќе се вклучуваат во процесите на креирање политики и донесување закони. Постојат неколку документи кои ја даваат основата за вклученост на јавноста во процесот на донесување закони, а особен напредок во таа насока е донесувањето на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики. Кодексот има за цел да ја унапреди соработката помеѓу Владата и граѓанските организации преку структуирана и редовна комуникација во процесите на донесување и спроведување политики и закони и подобрување на квалитетот на овие процеси преку користење експертиза од граѓанскиот сектор. За таа цел, Кодексот пропишува стандарди што треба да се применуваат во овие процеси.

На централно ниво посветеноста на Владата да постапува во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата (РИА) е од основно значење бидејќи придонесува кон транспарентност во процесот на донесување закони. Поради ова, од особена важност е овој механизам да се применува хармонизирано од страна на органите на државната управа и да се подобри квалитетот на неговото спроведување во практиката.

Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017) препознава дека спроведувањето на правните гаранции за учество има свои предизвици во практика. Од една страна, анализите покажуваат дека не постои еднаква практика помеѓу органите на државната управа во однос на тоа на каков начин ги вклучуваат организациите во процесите на креирање политики и донесување закони. Од друга страна, граѓанските организации немаат секогаш соодветен капацитет за да бидат активно вклучени во процесите на донесување закони. Кај нив особено недостасува поквалитетна експертска подготовка и експертиза за одредени прашања. Усвојувањето на документите претставува еден чекор кон подобрување на практиката, а Општина Битола, како водечка локална единица на самоуправа, е посветена да ги промовира истите и да гради капацитети во својата управа за да ги почитува и спроведува овие гаранции.

## Поврзаност помеѓу Стратегијата за млади и други стратешки документи на Општина Битола

Стратегијата за млади на Општина Битола предвидува конкретни чекори за развој на младинскиот сектор во општината со цел истиот да биде платформа за поголемо учество на младите во сите локални процеси. Освен во овој правец, Стратегијата исто така ќе придонесе и кон остварување на стратешките приоритети кои се одредени во други стратешки документи на општината.

Оваа стратегија е развиена со целосно следење на принципите и заложбите што општина Битола ги има дефинирано во Стратегијата за соработка на општина Битола со граѓанскиот сектор и негов постојан развој. Во рамки на оваа стратегија како цел е наведено вклучување на граѓанскиот сектор во креирањето на локалните политики, вклучително и во планирање и изработка на стратешките документи во области во надлежност на локалната самоуправа. Со оваа стратегија општина Битола има за цел да го унапреди досегашниот начин на вклучување на граѓанскиот сектор во процесите на планирање, спроведување и следење на локалните политики.

Со стратегијата за млади посебен акцент се става на дијалогот помеѓу општината и младите при што се продлабочува начинот на вклучување на младите во локалната заедница. Како дополнување кое стратегијата за млади го дава на целокупната стратегија за соработка со граѓанските организации е заложбата за остварување на дијалог помеѓу општината и претставничко тело на младите (локален младински совет).

Во стратешкиот план на Локален економско социјален совет (ЛЕСС) на општина Битола - младите се дефинирани како посебна група од интерес. Посебни области каде младите се очекува да се вклучат активно се областите на образование и вработување. Притоа преку оваа стратегија за млади ќе се зајакне младинскиот сектор за да истиот може конструктивно да учествува во локалниот развој. Комплементарни со стратегијата за млади се и стратешките цели на ЛЕСС на општина Битола посебно стратешката цел број 2: создавање на услови за поврзување на пазарот на труд со образовен, јавен и бизнис секторот. Притоа се очекува заедничко делување не само на наведените сектори туку и на младинскиот сектор во поддршка на целите за економски развој.

Младите исто така се и дел од Стратегијата за локален развој на општина Битола. Во рамки на целите поврзани со социјална заштита јасно се наведени граѓанските организации како чинители кои имаат голема мотивација за подобрување на понудата на социјална заштита. Честопати овие програми се однесуваат на млади. Во рамки на делот за економски развој се препознава и улогата на бизнис старт-ап центарот. Преку стратегијата за млади ќе се осигураме дека младинскиот сектор ќе има доволно можности да ги исполни очекувањата и од стратегијата за локален развој.

## Принципи на Стратегијата за млади (2014-2019):

- **Подобрен пристап**

Преку Стратегијата за млади важно е да се зголеми активната соработка со младите на ниво на Општина Битола. За тоа се потребни неколку значајни предуслови:

- младите да имаат можност за развој на своите капацитети за да станат активни граѓани,
- младинските организации да можат активно да делуваат во граѓанскиот сектор и да ги вклучуваат младите,
- да се зголеми бројот на млади кои се дел од младински организации или кои учествуваат во активности за млади;

○ **Создавање можности**

Со цел да се зајакне учеството на младите во процесите на носење одлуки на локално ниво, потребно е да се создадат можности за младите да иновираат, создаваат и учат. Притоа е значајно да се зајакне системот за поддршка на млади на локално ниво како значаен предуслов за создавање можности за развој во младинскиот сектор.

○ **Обезбедување учество**

Учеството на младите може да се набљудува од различни страни:

- учество на младите во младинските организации и клубови, како и нивната можност активно да ги носат одлуките во истите,
- учество на младите во носење одлуки за прашања што нив ги засегаат во рамки на локалните институции и организации,
- учество на локалниот младински совет (доколку се создаде) при носење одлуки кои се од интерес за младите,
- развој на механизми за учество кои се стремат кон намалување на пречките за младите да бидат слушнати од оние кои ги носат одлуките;

○ **Почитување на разликите**

Стратегијата е развиена врз принципот на почитување на разликите и пред сѐ почитување на фактот дека младите се многу динамична и хетерогена група. Притоа е важно да се напомене дека со спроведувањето на стратегијата мора да се обезбеди простор за учество на сите различни групи и индивидуи, без разлика на нивната апсолутна бројност. Како стратегија за млади има за цел да поттикне заедничко учество на сите различни групи млади и на тој начин оваа стратегија ги почитува сите овие разлики.

○ **Структурен дијалог**

Како принцип на Стратегијата е потребата разговорот и решавањето на одредени прашања и проблеми на младите да биде структуриран за подолг период. Поради комплексноста на одредени проблеми и прашања на младите, нивното решавање не може да дојде преку еден проект или програма, туку мора да биде резултат на подолг процес на дијалог меѓу општинските власти и младинските организации.

## Стратешки области на делување

Процесот на визионирање на Стратегијата за млади на општина Битола беше основан на податоците од истражувањето и на реалната слика за можностите и капацитетите на младинските организации, граѓанскиот сектор воопшто како и локалната самоуправа.

При процесот на визионирање граѓанските организации и општината се согласија дека можности за активно вклучување на младите постојат, но дека честопати младите не се самоиницијативни и постојат пречки за нивно вклучување. Со одредени групи млади недостастува дури и првичен контакт за да може да се оствари активна соработка. Поради тоа фокусот на оваа стратегија е на следното прашање:

***Што треба да се направи до 2019 година за општина Битола да има овозможено активна соработка и вклучување на младите (на возраст од 16 до 25 години) во локалните политики?***

Притоа под активна соработка се подразбира целосно учество на младите, кои не само ќе имаат бенефити како корисници на одредени програми за млади, туку и ќе бидат во состојба самите да предлагаат програми за млади и самите да ги организираат.
Под локални политики се подразбираат сите сфери на локалното живеење кои ги засегаат младите. Идејата на оваа стратегија е да ги мотивира младите самите да можат да станат активни граѓани и да се вклучат во подобрување на квалитетот на живеење во општина Битола како и да создадат можности за понатамошен општествен, економски, културен и социјален развој.

Врз основа на овие клучни идеи се формулираа следниве 5 приоритетни насоки на делување:

1. Поттикнување на **активното граѓанство** кај младите луѓе преку воспоставување на механизми за информирање и вклученост во граѓанското општество.
2. **Зголемување на партнерства** помеѓу граѓанските организации и училиштата со цел да се зголеми учеството на младите луѓе во граѓанскиот живот на заедницата и да се зголеми понудата на неформално учење за младите.
3. Креирање на постојани **механизми за дијалог** помеѓу општината и претставничко тело на младите.
4. Подобрување на **квалитетот на животот** на младите преку програмски и логистички интервенции од страна на општината и граѓанскиот сектор.
5. Олеснување при премин на младите од образование кон пазар на труд и мотивирање за нивно стручно надоградување.

Соодветсвено стратегијата се основа на следните стратешки области:

- Младински Активизам
- Учество на младите и неформално образование во средните училишта
- Воспоставување на дијалог помеѓу општината и младите
- Логистичка и програмска поддршка
- Млади на пазар на труд

## I. Младински Активизам

Оваа стратешка област ќе ги адресира младинската апатичност, недоволната активност во граѓанскиот сектор и состојбите на социјалната исклученост на младите. Младинскиот активизам ќе го потикне активното граѓанство кај младите преку создавање на услови за младински иницијативи и младински проекти. Притоа во овој приоритет посебен акцент ќе се даде на формирање нови младински организации и зголемување на бројот на

иницијативи кои потекнуваат од младите, особено оние кои ќе ги вклучат маргинализираните млади.
Како посебен дел од оваа цел се истакнува потребата за младинско информирање во општина Битола преку обезбедување на квалитетни информации до младите за сите можности за нивно вклучување.

**Главна цел на оваа стратешка област е поттикнување на активното граѓанство на младите преку воспоставување на механизми за информирање и вклученост во граѓанското општество.**

**Сфери на интервенција:**
Со овој пристап директно ќе интервенира во развојот на волонтерството, младинската информораност, поттикнување во креирање на здруженија за млади и ќе даде поддршка за креирање на средношколски организации и друштвени клубови во училиштата.
Ќе се иницираат организирања на инфо денови, младински инцијативи, директно вклучување на млади преку програми за волонтирање и организирање на спортски активности за млади. Активностите предвидени овде се насочени кон унапредување на начинот на комуникација и изнаоѓање на нови форми на релација млади-општина.

**Очекувани промени**
Стратешката област се очекува да влијае преку 2 главни промени:
- Зголемување на степенот на информирање на младите за можностите во локалната заедница преку овозможување на различни и достапни информации кои користат различни канали за комуникација.
- Поттикнување на иницијативи кај младите во различни сфери на живеење со што ќе се поттикне вклученоста, активното граѓанство и ќе се поддржат младите да ја унапредуваат заедницата.

## II. Учество на младите и неформално образование во средните училишта

Оваа стратешка област ќе даде осврт на младинското учество во училиштата, подобрување на условите на училиштето преку понуда на програми од неформалното образование. Во фокус ќе бидат средните училишта и вон наставните програми кои се нудат или имаат можност да се креираат. Средните училишта беа посебно истакнати поради потребата да се работи со младите пред тие да појдат на факултет за да се развијат, што порано,позитивни ставови поврзани со учеството и неформалното учење.

**Главна цел е потикнување на партнерства помеѓу граѓанските организации и училиштата како би се зголемило учеството на младите луѓе во граѓанскиот живот на нивните заедници и би се подобрила понудата за неформално учење.**

Како стратешка цел се разградува на два значајни делови:
- **Поттикнување на младинско учество и организирање во училиштата**. Ова подразбира формирање и зајакнување на младински организации и средношколски унии, како платформи кои ќе ги поттикнат учениците активно да придонесуваат за развојот пред се на училишната заедница, а понатаму и на пошироката граѓанска заедница
- **Интегрирање на неформалното образование** во рамки на вон наставни и вон училишни програми, со цел да се дополни формалното образование и да се зголеми квалитетот на учењето. На овој начин неформалното образование би станало

подостапно до сите млади и би служело како дополнителна сфера за стекнување на знаења и вештини.

**Сфери на интервенција:**
Преку оваа стратешка цел ќе се овозможи партнерство помеѓу граѓанските организации-понудувачи на неформално образование и училиштата, со цел да се понудат вон-наставни и вон училишни образовни активности и да се поддржи активното учество на учениците преку формирање на училишни заедници. Идеата би било граѓанските организации во партнерства со училиштата да дејствуваат во овие области и да дадат подршка во креирање на младински организации, но и да обезбедуват програми за едукација од справување со пороци, здравствено образование, лидерство и волонтерство.

**Очекувани промени**
Стратешката област ќе направи позитивни промени во развивање на училиштата како промотери на активно учество на своите учесници, и ќе ги потикне учениците на одговорност кон својата заедница. Понатаму, се очекува поголемо разбирање и прифаќање на неформалното учење како начин за развој на знаења и вештини потребни за активно вклучување на младите.

## III. Воспоставување на дијалог помеѓу општината и младите

Оваа стратешка област ќе работи на институционален развој за младински прашања. Стратешката област се осврнува на недостатокот на механизми за дијалог помеѓу младите и општината и недостатокот на унифициран пристап за проценка на потребите на младите на ниво на општина Битола, кои понатаму се комуницираат со институциите. Главен акцент ќе биде ставен на креирање на локален младински совет како агрегатор на младинското учество во општината како и воспоставување на дијалог помеѓу советот и општината за сите прашања кои ги засегаат младите.

**Главна цел е креирање на одржливи механизми за дијалог помеѓу општината и претставничко тело на младите.**

**Сфери на интервенција:** Остварувањето на оваа стратешка област бара фокус пред се́ во вмрежувањето на младинските организации со цел креирање на претставничко тело „Локален младински совет". Ова ќе биде процес воден од младинскиот сектор кој понатаму треба да стане независен партнер на општинските институции. Од друга страна општина Битола би ја разгледала можноста за формирање на мешано советодавно тело за млади на општината каде би имало претставници од Советот на општина Битола, општинската администрација и како надворешни членови да бидат претставници на Локалниот младински совет.

**Очекувани промени:** Со остварување на оваа стратешка цел се очекува општината Битола да има функционален Локален младински совет, како младинско претставничко тело изградено преку отворен, инклузивен и транспарентен процес. Притоа се очекува локалниот младински совет да биде партнер на општината за сите прашања кои ги засегаат младите со капацитет да воспостави и води инклузивен и конструктивен дијалог. Локалниот младински совет во тој процес треба да се здобие со советодавна улога препознаена од Општината и општинските институции.

## IV. Логистичка и програмска поддршка

Оваа стратешка област се однесува на постојаната поддршка на општината кон младите. Во моментот во градот не постои општински или граѓански простор наменет за млади кој би служел како културно информативен центар за младите и простор каде тие би ги искажале и реализирале своите идеи. Оваа стратешка област ќе даде поголема видливост на младинските програми, но и ќе се зголеми значењето на идеите кои доаѓаат од младите. При овозможување на постојана логистичка и програмска поддршка за младинските програми и младинската работа, понудувачите на вакви програми за млади ќе можат директно да вклучат повеќе млади, да работат со нив на постојана основа и да го унапредат квалитетот на својата работа.

**Главната цел е подобрување на квалитетот на животот на младите преку програмски и логистички интервенции од страна на општината и граѓанскиот сектор.**

Овие интервенции ќе бидат во насока на поддршка на волонтерството, заштита на животна средина, проактивна вклученост на младите во културните случувања и процеси и изнаоѓање на форми за што поголема на вклученост на младите во спортот.
Под-теми за кои се однесува логистичката и програмската поддршка опфаќаат:

- Поддршка на волонтерството кај младите преку постојани програми за локално волонтирање и обуки за волонтери;
- Вклучување на млади во програми за зачувување на здрава животна средина, анимирање и обуки за подигнување на еко свеста кај младите;
- Подобрување на степенот на здравствена едукација кај младите преку програми и обуки за превенција од пороците на денешницата (СИДА; туберкулоза, дрога) како и директно промовирање на здрав животен стил кај младите;
- Проактивна вклученост на младите во културните случувања и процеси во општина Битола;
- Изнаоѓање на форми за што поголема на вклученост на младите во спортот и поттикнување соработка меѓу младинските работници, здравствените работници и спортски организации;
- Посебни програми за работа со млади преку спорт како начин за развој и формирање на здрави личности, но и рана идентификација на млади спортски таленти и кампањи за популаризација на колективните и индивидуалните спортови.

**Сфери на интервенција:**
Со оваа стратешка област се предвидува на ниво на општина Битола да се овозможи континуитет на програми за млади. Програмите ќе станат лесно препознатливи локално и ќе привлечат голем број корисници.
Стратешката област предвидува отварање на младински центар кој ќе биде на располагање на граѓанските организации и младите да креираат програми и активности во насока на вклучување и информирање на младите луѓе.

**Очекувани промени:**
Преку постојана работа со млади и овозможена програмска поддршка ќе се постигнат следните промени:

- зголемен број на млади кои активно се вклучени во програма од нивен интерес како и вклучување на маргинализирани групи млади;
- подобрување на квалитетот на работењето на понудувачите на младински програми преку постојана евалвација и иновација во нивната работа, и
- подобрување на квалитетот на живеење на младите во Битола преку постојана достапност на програми во кои можат да се вклучат.

### V. Млади на пазар на труд

Оваа стратешка област е разултат на сите истражувања во последниот период спроведени на територија на општина Битола како и на национално ниво, каде невработеноста кај младите се идентификува како најголем проблем. Решавање на невработеноста е предмет на различна стратегија пред сé во сферата на локалниот економски развој, а на национално ниво тука е Акцискиот план за вработување на младите 2015 на Министерството за труд и социјална политика. Сепак, на локално ниво, во дел од младинскиот сектор битно е да се адресира овој проблем како би имале ефикасен одговор за потребите на младите.

**Главната цел на оваа стратешка област е олеснување на преминот на младите од образование кон пазар на труд и мотивирање за нивно стручно надоградување.**

**Сфери на интервенција:**
Главен акцент се става на подобрување на конкурентноста на младите на пазарот на труд преку дообразување и обуки надвор од формалното образование. Во наредниот период на локално ниво важно е да се стави приоритет на поттикнување волонтерство и практиканство кај младите, и согледување на бенефициите што тие ги носат. Притоа, освен обуки се предлага и отворање канцеларија за поддршка на млади претприемачи и бесплатна правна поддршка.
Покрај практичната обука и дополнителните образовни активности, стратешкиот приоритет ќе се фокусира на поттикнување на искуствено учење преку поддршка за младински иницијативи (младински фондови, менторство, логистичка поддршка, вежби итн.). Интервенциите во оваа област се однесуваат на изработка на студии за утврдување на потребите на образовниот, јавниот и бизнис секторот; подобрување на претприемачкиот дух кај младите преку понуда на обуки, директна поддршка преку бизнис старт-ап центри и поттикнување на самовработување.

**Очекувани промени:**
Преку постојано залагање на сите чинители од младинскиот сектор се очекува да се постигне видлива промена на полето на младинско самовработување, но и во процесите на градење на конкурентни млади за пазарот на труд. Во тој процес се значајни сите чинители кои работат со млади, од локалната самоуправа, училиштата, центрите за социјална работа, младинските организации, организациите за економски развој и сите останати кои можат активно да придонесат во овој процес.

## Анализа на силните и слабите страни на стратешките области

### Младински активизам

Јака страна на оваа стратешка цел е потребата младите во општина Битола да станат одговорни и активни граѓани кои се грижат за развојот на општината. Понатаму оваа стратешка цел може да служи како линк со останатите цели во стратегијата.

Слабите страни се пред се потребата за идентификација на причините зошто младинскиот активизам не е доволно развиен како и кои тешкотии постојат во работењето на младинските организации.

Главните можности се гледаат преку креирање на можности за младински иницијативи на одредени теми. Понатаму оваа соработка може да служи како поттикнување на организациите и опптината за системска поддршка на младите.

Закани во овој процес се незаинтересираноста на младите и недостаток на средства при што е важно да се направи добра проценка каде и во која насока ќе се понудат различните активности.

### Учество на младите и неформално образование во средните училишта

Јаки страни на оваа цел се креирањето и зајакнувањето на средношколски унии како средношколски организации кои ќе ги претставуваат младите. Понатаму значајна јака страна се постоечките младински организации и веќе постоечки кадар како што експерти од младинските организации, наставници и стручни соработници. Во општина Битола на оваа поле постојат многу мжности за обуки (простор, програма).

Како слаби страни на оваа стратешка цел се слабата организираност и мотивација во рамки на средношколските организации како и недостиг на финансиски средства и простор. Исто така има недостиг на податоци за интересите на учениците кои можат да се искористат за планирање на програмите.

Главните можности се гледаат преку креирање на средношколска унија и стручна соработка со институции за на одредени теми. Понатаму оваа соработка може да служи како поттикнување на општината за стипендии на таленти.

Закани во овој процес се незаинтересираноста на учениците и недостаток на средства при што е важно да се направи добра проценка каде и во која насока ќе се понудат различните активности.

### Воспоставување на дијалог помеѓу општината и младите

За јаки страни на овој иновативен процес се можноста за директна поврзаност со општината која ќе поттикне младински активности (поголема поврзаност на младите во советот ќе поттикне нови активности). Важно да се напомене е дека веќе е започнат процес за

креирање на локален младински совет во општина Битола и тоа тело заедно со општината ќе може да врши мониторинг на Локалната младинска стратегија и да ги мотивира сите да спроведуваат активности од стратегијата. Поврзувањето на младинските организации е можност заедно да се превземаат поголеми проекти за младите.

Поддршката од локалната самоуправа (градоначалник и совет) ќе овозможи блиска соработка на општината и младите и можност за анализа и креирање на програми за млади. Ова е механизам за поттикнување на младите за учество и ќе придонесе кон поголема иновација во работењето со млади.

Како слаби страни пред се е недостаток на обучен кадар (младински работници) кој може професионално да работи со млади. Од страна на локаланата самуправа нема одделение за работа со млади но може да се работи на обука за надградба на општинска администрација. Во моментот на постоечките кадри не постојат обуки кои би им помогнале подобро да работат со млади, без разлика од кој сектор се. Генерално постои недоволна заинтересираност на младите за развојот на општината и преку овој процес се очекува тоа да се смени.

Други слаби страни вклучуваат тешкотии во контактирање и информирање на организациите и директна вклученост на сите групи на млади без разлика на нивната видливост и бројност.

Преку оваа стратешка област се отвараат повеќе можности кои ќе произлезат од координираноста на младинските активности на територијата на општина Битола. Преку ваков дијалог младите ќе бидат повеќе вреднувани. Преку овој дијалог ќе се разговара за подобрување на просторни услови наменети за младинските организации како и соработка и размена на искуства. Овој модел на соработка помеѓу локалната самоуправа и граѓанскиот сектор може да биде пример за сите други сектори.

Со формирање на Локален младински совет се споделуваат обврските помеѓу општината и младинските организации за заедничко спроведување на оваа стратегија. Притоа ќе се гради партнерски однос помеѓу претставничкото тело на младите и општината. Ова ќе овозможи да имаме обучен кадар за понатамошни активности со млади и во општината и во граѓанскиот сектор.

Закани за овој процес пред се се незаинтересираноста на организациите и страв од повеќе паралелни иницијативи. Притоа е важно процесот да биде инклузивен за да се избегнат конфликти и несогласувања помеѓу различните организации.

## Логистичка и програмска поддршка за млади

Како јаки страни за оваа стратешка област се дефинрани пред сé веќе постоечките објекти со кои располага општината како и големиот интерес од страна на граѓанскиот сектор за да понуди програми за вклучување на младите. Неколку организации делуваат и како ресурсен

центар за здруженија и млади при што истото може да води и кон вмрежување на организациите. Преку континуирана поддршка за младински програми ќе се дојде и до зголемена институционална соработка со младинските организации и понудувачи на програми за млади.

Како слаби страни се пред се́проблемите во финансиската одржливост на програмите за млади. Тука е и потребата за обучен кадар за работа со млади како и често непредвиден простор. Поради тој недостаток на континуитет многу млади губат интерес за активно вклучување во локалниот живот. Понатаму како слаба страна е недостигот на мрежа на младински организации која би работела заеднички во центар за млади но и мал број на активни организации.

Како главни можности се пред се отворенот дијалог со општината и алокација на поддршка за младинските програми. Исто така поддршката за меѓународна соработка (можности за аплицирање на прекугранични активности во рамки на ИПА програмата за прекугранична соработка) може да резултира со решавање на просторните проблеми за одвивање на одредени програми за млади. И секако постојат многу можости за професионална надоградба на вклучените страни преку понудата на обуки и консултаци кои стратешки треба да се користат.

Закани за ефикасна поддршка за младите се недоволната соработка помеѓу организациите и потребите од ангажираност на локалната самоуправа. Секако закани се и финансиската одржливост на програмите за млади кои мора да се решаваат преку најразлични системски и вон-системски мерки.

## Млади на пазар на трудот

Силна страна на оваа стратешка цел е јасниот приоритет на оваа поле кој е видлив во различните истражувања кои се спроведени во општина Битола. Понатаму оваа стратешка цел може да служи како врска со останатите програми на општината и со националните програми кои се нудат за младите.

Со адекватно адресирање на оваа програма ќе се овозможи партнерство на младинските организации, училиштата, кариерните центри, бизнис старт-ап центарот и пошироката бизнис заедница. На овој начин ќе се приближи младинскиот сектор до секојдневните збиднувања во општината.

Слаби страни на овој процес се недостатокот на компетенции во младинските организации за да можат да понудат партнерства и да водат процеси на пристап на младите кон пазарот на труд. Исто така како слаба страна се гледа и недоволното информирање за мерките за вработување на млади кои во моментот се достапни за младите во општина Битола.

Постојат многу можности во оваа поле, како од домашни извори така и од меѓународни. Младите преку оваа цел мора да ги искористат сите домашни можности и младинските

организации треба да се усовршат да пружат поддршка за соодветно користење на овие програми. За дополнителна подршка се гледа и евроинтегративниот процес на државата.

За закани кон остварување на стратешката цел се големата потреба за услуги кон младите за да се намали младинската невработеност што доведува во прашање колку е капацитетот на младинските организации. Понатаму за закана можат да се гледаат и несоработливоста на високо-образовните институции со младинскиот сектор што би требало да се фацилитира во идниот период.

## Следење и оценување

Со цел да се обезбеди континуирано и хармонизирано следење на Стратегијата, општина Битола и младинските организации ќе подготват План за следење и евалуација на спроведувањето на Стратегијата. Планот за следење и евалуација ќе содржи методологија за следење и оценка на спроведувањето. Планот, меѓудругото, ќе ги вклучува и следниве мерки:

- Годишен извештај до Советот на општината за извршените активности и постигнатите цели во спроведување на Стратегијата.
- Годишни извештаи за спроведување на мерките на Стратегијата од органите на локалната самоуправа поднесени до општината и подготовка на образец за формата и содржината на годишните извештаи за спроведување на мерките на Стратегијата;
- Годишни планови: на крајот на секоја година, во декември, органите одговорни за спроведување на мерките на стратегијата ќе доставуваат до Одделението надлежно за спроведување на стратегијата, активности кои планираат да ги спроведат во текот на наредната година како резултат на акциските планови на Стратегијата, со конкретен рок и субјекти со кои ќе се соработува во спроведување на мерките;
- Методологија за ревизија на Стратегијата; Методологијата ќе предвиди адаптирање на акциските планови и предлози за приоритетни мерки во согласност со препораките од спроведувањето и потребите.
- Методологија и рокови за развој на Вториот акциски план (2016-2019).
- Методи за консултирање на граѓанските организации во процесите на оценка на спроведувањето на Стратегијата.

Оценувањето на спроведувањето на Стратегијата ќе се врши еднаш годишно преку мрежата на претставници на општината и младинските граѓански организации во консултации со претставници на граѓанските организации од целата Општина Битола. Резултатите од оценувањето ќе содржат анализа на дотогашното спроведување, информации за постигнатите цели и препораки за измена и прилагодување на акциските планови.

Извештаите и плановите ќе бидат достапни на веб-страниците на општината, а по договор и на локалните младински организации, активни на територија на Општина Битола.

Во некои европски земји спроведувањето на стратегиските документи се одвива преку формирање посебен механизам за соработка со граѓанскиот сектор, во вид на таканаречени совети за развој на граѓанското општество или друг вид постојани работни тела кои вклучуваат претставници на органите на државна управа и граѓанските организации. Во таа насока, општината се заложи да формира и меѓусекторско советодавно тело кое меѓу

другите задачи ќе го преземе следењето на спроведувањето на Стратегијата и ќе овозможи директно учество на граѓанските организации во оценката на спроведувањето на Стратегијата.

## АНЕКС 1

### План на активности за 2014/2015 година

| СТРАТЕШКА ОБЛАСТ I: **Младински Активизам** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на активноста** | **Одговорна институција/ позиција** | **2014** | | | | **2015** | | | |
| | | | **I** | **II** | **III** | **IV** | **I** | **II** | **III** | **IV** |
| 1. | Воспоставување на инфо портал на општина Битола за младите | Општина Битола | | | | | | | | |
| 2. | Кампања за приклучување на младите кон организации | Младински организации | | | | | | | | |
| 3. | Мобилна апликација за информирање на млади | Општина Битола | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Организирање на масовни активности за млади пред се во рамки на спортски активности и волонтерство | Општина Битола<br>Младински организации | | | | | | | | |
| 5 | Поддршка на младински иницијативи | Општина Битола<br>Младински организации | | | | | | | | |

| СТРАТЕШКА ОБЛАСТ II: **Учество на младите и неформално образование во средните училишта** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на активноста** | **Одговорна институција/ позиција** | **2014** | | | | **2015** | | | |
| | | | **I** | **II** | **III** | **IV** | **I** | **II** | **III** | **IV** |
| 1. | Зајакнување / формирање на средношколските организации во училиштата | Младински организации<br>Училишта | | | | | | | | |
| 2. | Активности на средношколските организации | Средношколски и младински организации | | | | | | | | |
| 3. | Презентација на понудувачи на неформално образование пред училиштата | Младински организации<br>Организации за млади<br>Училишта | | | | | | | | |
| 4. | Имплементација на програми на неформално образование во училиштата | Младински организации<br>Организации за млади | | | | | | | | |

| СТРАТЕШКА ОБЛАСТ III: **Воспоставување на дијалог помеѓу општината и младите** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на активноста** | **Одговорна институција/ позиција** | **2014** | | | | **2015** | | | |
| | | | **I** | **II** | **III** | **IV** | **I** | **II** | **III** | **IV** |
| 1 | Иницијативен одбор за вмрежување на младинскиот сектор | Граѓански сектор<br>Општина Битола | | | | | | | | |
| 2 | Креирање на локален младински совет | Извршен одбор | | | | | | | | |
| 3 | Креирање на стратегија на локалниот младински совет | Локален младински совет | | | | | | | | |
| 4 | Презентација на работата на локалениот младински совет пред | Локален младински совет | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | општината | | | | | | | | | |
| 5 | Координативен совет на млади<br>*Вклучување на општинската администрација и граѓанскиот сектор | Сектор за економскиразвој, јавни дејности и информатичка технологија | | | | | | | | |
| 6 | Усовршување и обуки на општинската администрација<br>*Обуки за надградување, еднаш во годината | Сектор за економскиразвој, јавни дејности и информатичка технологија | | | | | | | | |
| 7 | Младински информативни денови<br>*Промоција на идеите на младите | Граѓански сектор и средни училишта | | | | | | | | |
| 8 | Истражување за можност за формирање фонд за општествена одговорност за младите | Граѓански сектор<br>Општина Битола | | | | | | | | |
| 9 | Истражување на потреба за одделение за млади со соодветен институционален капацитет | Сектор за економскиразвој, јавни дејности и информатичка технологија | | | | | | | | |

| СТРАТЕШКА ОБЛАСТ IV: **Логистичка и програмска поддршка за развој на младите** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на активноста** | **Одговорна институција/ позиција** | **2014** | | | | **2015** | | | |
| | | | **I** | **II** | **III** | **IV** | **I** | **II** | **III** | **IV** |
| 1. | Дефинирање на програма за поддршка на млади според стратешката област | Општина Битола<br>Младински совет на Битола | | | | | | | | |
| 2. | Евидентирање на потребата (оправданост) за воспоставување на програми за млади | Општина Битола | | | | | | | | |
| 3. | Склучување партнерства помеѓу општината и младинските организации посебно во областите дефинирани со стратегијата (спорт, волонтирање, животна средина, здравствена едукација и култура) | Општина Битола<br>Младински организации и организации за млади | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Планирање (дизајнирање) на структурата на поддршка за млади | Општина Битола<br>Младински совет на Битола | | | | | | | | |
| 5. | Спроведување на програмите за млади од минимум 2-3 области дефинирани со стратегијата за млади | Општина Битола<br>Младински совет на БТ | | | | | | | | |
| 7. | Анализа на потребата за физички простор за млади (младински центар) | Општина Битола<br>Младински совет на БТ | | | | | | | | |

| СТРАТЕШКА ОБЛАСТ V: **Млади на пазар на трудот** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на активноста** | **Одговорна институција/ позиција** | **2014** | | | | **2015** | | | |
| | | | **I** | **II** | **III** | **IV** | **I** | **II** | **III** | **IV** |
| 1. | Координација на мерки за поддршка на вработување на млади - состаноци за координација | Општина Битола<br>Младински организации<br>Организации за млади | | | | | | | | |
| 2. | Поттикнување на волонтирање и практикантство | Младински организации<br>Организации за млади | | | | | | | | |
| 3. | Обуки за развој на компетенции за влез на пазар на труд | Младински организации<br>Организации за млади | | | | | | | | |
| 4. | Развој на студија за потреба од до-обука на млади | Општина Битола | | | | | | | | |
| 5 | Поддршка за користење на програми за самовработување на млади | Младински организации<br>Организации за млади | | | | | | | | |
| 6 | Натпревар за најдобра идеја за бизнис | Општина Битола | | | | | | | | |
| 7 | Поддршка за бизнис старт-ап центар | Општина Битола | | | | | | | | |

## **АНЕКС 2**

### Листа на организации и чинители кои учествуваа во процесот

1. Општина Битола
2. Совет на општина Битола
3. Младински културен центар - Битола
4. Детски Правобранител при СОЕУ „Јане Сандански“ - Битола
5. ИМКА Битола
6. Граѓанска асоцијација Битола
7. Регионален центар за интеграции Битола
8. Тогетхер Мацедониа

9 ЦРРЗ "Баирска Светлина"

10 Здружение за грижа и едукација на бремени жени мајки и деца ЛУЛКА - Подружница Битола

[illegible]

17 СОУ Таки Даскало

18 СОУ Гимназија Јосип Броз Тито

19 СОЕУ Јане Сандански

20 Пегаз-Еду

21 СФЕРА

22 Глобал Битола

**АНЕКС 3**

# СОГЛЕДУВАЊА ЗА ПОТРЕБИ НА МЛАДИТЕ

# ВО ОПШТИНА БИТОЛА

Истражувачка анализа:
дипл. психолог Габријела Бошков
Здружение Центар за меѓукултурен дијалог

**2014**

## Вовед

За да ги разбереме генералните процеси на развој на младите потребно е да се согледаат нивните потреби како и препреките и ограничувањата со кои се сретнуваат при обидот да бидат дел од одлучувачките процеси во заедницата.

Учеството и партиципацијата подразбираат поттик и охрабрување на младинскиот развој во [illegible] ефективни активисти во иднина. Меѓутоа, последниве години искуствата покажуваат дека младите во нашето општество се апатични и лесно се обесхрабруваат. Според некои истражувања апатичноста на младите е предизвикана од малиот поттик за напредок, за личен успех и за остварување на своите соништа, кој го добиваат во образовните институции[3].

3 Текст на Наташа Димескаво списанието РЕВОЛУЦИЈА од 17.04.2013: Младите во Македонија-Иднина заробена од партиите http://mkrevolucija.com/revolucija-magazin/item/2784-poliitkata-oruzje-za-vrabotuvanje-a-ne-za-napredok

Родителите, училиштата, возрасните често инвестираат во овој статус на непроменливост и охрабрување со цел одржување на комодитетот. Од друга страна е потребата младите да бидат разбрани во термини на поврзаност со актуелните општествени состојби. Денес младите бараат нивното битисување да биде препознаено во однос на силите на социјалниот, економскиот и политичкиот притисок кој го обликува и ограничува секојдневното функционирање. Важно е да се истакне дека препреките со кои се сретнуваат всушност градат нови можности и нови начини на развој каде младите учествуваат како агенти во рамки на ограничувањата и учат да се развиваат себе си во таква заедница. Учат да ги разбираат и интернализираат нормите и мислењата на културата на функционирање на одредена генерација обезбедувајќи им модели и норми кои ги абсорбираат.

Најважен дел од активизмот на младите е инволвираноста на возрасните во процесот на фацилитација на младинскиот развој. Локалните власти и локалните лидери е потребно да бидат подржувачи на овој процес и да работата на промовирање на промени во заедницата при што младинскиот развој и ефективниот активизам не се гледаат како две различни работи. Тие се блиску поврзани и промовирањето промени во заедницата често резултира со позитивни промени на младите, но и на општеството во целина.

Во Македонија истражувањата од последните години покажуваат ниско ниво на социјален активитет, односно загрижувачка летаргичност во однос на младинската партиципација во општествениот живот[4]. Вклучувањето во развојните процеси на младите претставува огромен предизвик и за општина Битола. Општината досега нема своја стратегија. Претходните години се направени два обиди да се донесе официјална стратегија за млади, но поради процедурални пропусти во изработката стратегијата не е донесена[5].

Прашањата за младинското учество општина Битола ги организира на начин кој значи помагање на граѓанскиот сектор со обезбедување на финансии во рамки на Буџетот за секоја година посебно. Тие финансии одат преку секторот за култура и секторот за млади и спорт, а идентификацијата на потребите се врши преку неформални разговори, распишување на повик за пишување проекти и слично. Сепак, незадоволството кое постои кај граѓанскиот сектор во однос на моменталните состојби и истакнувањето на претставници на општината дека на младите не им се слуша гласот, зборува за тоа дека овие чекори не се доволни мотивирачки за младите да се вклучат во развојните процеси. Институциите мора да им обезбедат простор да кажат што им треба, бидејќи инертноста и апатичноста не значи одсуство на капацитети и вештини за учество во развојните процеси. Комисијата за млади и спрот, во рамки на Советот на општина Битола, формирана 2013 година, работи на разгледување на младинските прашања, но има ограничена можноста директно да влијае на вклучувањето на младите во одлучувачките процеси во општината бидејќи комисијата има советодавен карактер.

Идентификување на потребите и поместување кон посакуваните сотојби претставува процес на планирање и имплементирање на јасни цели и задачи. Потребно е да се дефинира што е она што треба да се реализира, кои пречки треба да се надминат и како тоа да се случи. Мапирање на потреби на младите претставува инвестиција во таргетирање на локалните приоритети и ефективен начин за правење на ефективна локална стратегија која на општината ќе и послужи како патоказ при градењето на идните младински политики.

Со цел идентификување на приоритетите на новата локална младинска стратегија, се спроведе проценка на потреби на младите луѓе во општината. Проценката вклучи:

- Анализа на постоечки документи (стратегии и истражувања) кои ги опфаќаат младите во Битола;
- Реализација на прашалник со младите и граѓанските организации кои се предводени од или работат со млади;
- Фокус групи со претставници на локалните институции и граѓански здруженија и организации.

---

[4] „Истражување за очекувања на младите во Република Македонија“ -Д. Талески, И. Дамјановски, Н. Марковиќ, В. Божиновски: - Фондација Фридрих Еберт -Канцеларија Скопје, 2006

[5] Студија за потребите на проект на УНДП „Гласот на младите, граѓански ангажман и учество на локално ниво“ Изработено од: Идеја О.К – ЦРЛД. Автори: Звонко Наумоски, Драгана Митровиќ, Јане Вртески , 2013 , стр. 15

.

## Методологија

Спроведеното истражувањето е комбинација на квантитативна и квалитативна метода, односно резултати од анкетата во комбинација со заклучоците од фокус групна дискусија овозможија увид во ставовите, мислењата и перцепции на младите и на возрасните претставници на институциите и граѓанските здруженија во општина Битола.

Фокусот е ставен на кванитативното истражување како примарен инстурмент со задача да ги идентификува и нагласи потребите на младите. Вклучените цитати од фокус дискусиите се во функција да ги презентираат ставовите на возрасните и да ги објаснат или пак надополнат клучните наоди идентификувани со анкетниот прашалник. Комбинација на наодите од кванитатаивното и квалитативното истражување е важно при елаборација на резултатите и овозможува попрецизно презентирање на заклучоците.

## Анализа на истражувањето

Анкетен прашалник со повеќе од 50 прашања се дистрибуираше на примерок од 125 млади од 15 до 29 годишна возраст, припадници на различни етнички заедници кои живеат во различни урабни и рурални делови на општина Битола. Анкетата беше спроведена во неколку општински средни училишта и факултети.

Прашалникот, освен демографските податоци, содржи прашања од поваќе аспекти и тоа:

1. Задоволство на младите од квалитетот на животот во општина Куманово;
2. Перцепција на проблемите кои најмногу ги загрижуваат;
3. Перцепција за одговорните структури во решавањето на младинските прашања;
4. Перцепција за влијанието на младите врз решавањето на нивните проблеми;
5. Перцепција за начинот за решавање на проблемите;
6. Спремност за активирање и вклучување на младите во различни активности;

Анализата се спроведе на 117 анкетни прашалници (8 прашалници се отфрлени поради непотполни или нејасни одговори), а добиените резултати даваат слика за потреби на младите во општина Битола и проблемите со кои се соочуваат.

### 1. Задоволство на младите од квалитетот на животот во општина Битола

Задоволството од квалитетот на животот на младите во Битола е прикажан преку конструкт од 11 тврдења за кои испитаниците своите ставови ги изнесуваа со одговање на 5 степена скала на сложување, од 1-воопшто не се сложувам до 5-целосно се сложувам[6]. Прашањата беа поставени со цел да се добие општа слика за задоволство од животот на младата генерација во Битола, преку степен на сложување или несолжување со дадени тврдења за состојбите во градот.

*Табела бр.1*: Задоволство на младите од квалитетот на животот во Битола

| ПРАШАЊЕ: Како млада личност колку сте задоволни од квалитетот на животот на младите во Битола? | средна вредност | стандардно отстапување |
|---|---|---|
| Задоволен сум со опкружувањето во средината во која живеам | 3,15 | 1,24 |
| Мислам дека имам доста можности за вработување | 2,31 | 1,04 |
| Мислам дека во градот има доволно културно забавни содрижини за младите | 2,93 | 1,25 |
| Мислам дека има доволно спортски игралишта и терени | 2,50 | 1,17 |
| Мислам дека општинските власти во доволна мера ги стипендираат и ги поттикнуваат на образвоание младите | 2,56 | 1,08 |

[6] 1-воопшто не се сложувам, 2-не се сложувам, 3-и се сложувам и не се сложувам, 4- делумно се сложувам, 5- целосно се сложувам

| ПРАШАЊЕ: Како млада личност колку сте задоволни од квалитетот на животот на младите во Битола? | средна вредност | стандардно отстапување |
|---|---|---|
| По завршување на образованието планирам да останам да живеам и работам во Битола | 2,76 | 1,30 |
| Би се вклучил/а  во активности на младински центар, организација или Клуб на млади во општината | 3,78 | 1,08 |
| Градските власти лесно ги препознаваат и решаваат проблемите на младите | 2,24 | 1,05 |
| Во градот се чувствувам сигурно во однос на криминални дејствија | 3,08 | 1,21 |
| Како млад човек во заедницата сум почитуван и вреднуван | 3,58 | 1,14 |
| Се на се, во Битола младите имаат подобар животот од младите во повеќето места во Македонија | 3,21 | 1,14 |

Сумираните одговори  не покажуваат ниту задоволство, ниту незадоволство на младите од животот во општина Битола. Неутралниот став, земено во целина, е јасно видлив  преку скорот на збирната средна вредност на сите 11 варијабли (M[7]=2,67). Скорот е во рамки на неутралниот одговор 3 - и се сложувам и не се сложувам, но сепак треба да се истакне дека вредноста е под 3 и е повеќе на страната на несложување и извесно незадовлоство од животот. Впрочем на графиконот бр.1 се забележува дека најголемиот број столбови не ја минуваат линијата на скорот 3,00. Ваквиот скор на некој начин зборува за присуство на реалистичка перцепција на младите во Битола, која е близу до ставот на најголемиот број на млади во Република Македонија, што пак е видливо во тоа што иако сметаат дека живеат во просечни услови, отсуствува дефетистичката реторика и претставување на животниот простор во негативноа конотоација.[8]

*Графикон бр.1*: Задоволство на младите од квалитетот на животот во Битола




Прегледот на графиконот покажува екстремен среден скор на скалата која се однесува на доживувањето дека се почитувани и вреднувани во заедницата M=3,58, додека екстремниот скор (M=3,78) на скалата за вклучување во активности на младински центри или клуб на млади ја отсликува нивната спремност за активирање, што може да е одраз на  желба да се чувствуваат вклучени во заедницата. Податоците од најновите истражувања даваат бројка од некаде 35% од млади во Република Македонија, односно дека скоро секој трет млад човек се чувствува спремен да се вклучи во граѓански иницијативи.[9]

Од друга страна ниските скорови ја истакнуваат свесноста која постои кај младите во однос на локалните состојби, како на пример проблемот со вработувањето на младите, но и гледиштето дека општинските власти се недоволно посветени на решавање на младинските проблеми во градот.

Ваквото гледиште е малку поразлично од гледиштето на претставниците на општинскита администрација и локалните институции кои сметаат дека општинските власти во последно време доста работат на подобрување на младинските состојби во општината.

[7] M- средна вредност

[8] „Истражување за очекувањат на младите во Република Македонија“ -Д. Талески, И. Дамјановски, Н. Марковиќ, В. Божиновски: - Фондација Фридрих Еберт -Канцеларија Скопје, 2006

[9] СТУДИЈА за младите во Република Македонија -  Марија Топузовска Латковиќ... и др. - Фондација Фридрих Еберт, Канцеларија  Скопје 2013

М, претставник од општината: *„Генерално состојбите со младите во последно време се имаат променето, се јавуваат мали поместувања во однос на младите, бидејќи претходно повеќе се водеше сметка за задоволување на потребите на политичките партии и политичките претставници, но еве последниот мандат на советот, се направи Комисија за млади со што се отвори можност за работа на прашања за младите...“.*

Незадоволство од односот на општинските власти кон проблемите на младите постои и кај претставници на граѓанските здруженија.

Ж, претставник од граѓанските здруженија: *„Општината има проблем во однос на тоа што не е отворена кон граѓанскиот сектор. На пример во рамки на одлучувачките прашања за младите никогаш не сме повикани или вклучени во одлучувањата и донесувањата на решенија...“.*

Ваквите ставови поттикнуваат прашања за потекло на различните перцепции. Потребно е да се разгледаат причините за неусогласенотста на гледиштата, дали можеби не станува збор за недоволна информираност за чекорите кои ги превзема општината или пак тие чекори се усмерени на помалку приоритетни области за младите, при што нема промена на состојбите, а незадоволството опстојува.

Вкрстување на одговорите на овие 11 варијабли со демографските податоци не покажа значајна статистичка разлика во однос на одговорите, помеѓу различните групи млади, пол, место на живеење или образование.

## 2. Проблеми кои најмногу ги загрижуваат младите

Перцепцијата за проблеми кои најмногу ги загрижуваат младите се мереше преку ниво на сложување на Ликертова скала од 1 до 5 на повеќе наведени можни проблеми. Одговорите на прашањата имаа за цел да го согледаме трендот на информираноста и размислување на младите во Битола за прашања од општествено-социјалниот контекст во кој живеат. Средните вредности на одговорите илустрираат слика на поголем број проблеми кои ги загрижуваат.

*Табела бр.2* : Проблеми кои најмногу ги загрижуваат младите

| ПРАШАЊЕ: Според твое мислење кој проблем најмногу ги загрижува младите во Битола? | Средна вредност | Стандардно отстапување |
|---|---|---|
| Физичко насилство меѓу младите | 2,79 | 1,15 |
| Неодговорно сексуално однесување на младите | 2,99 | 1,16 |
| Недоволна и несоодветна информираност на младите за вклучување во процесите на донесување одлуки на локално ниво | 3,43 | 0,94 |
| Младинската невработеност | 4,13 | 1,13 |
| Болести на зависност кај младите | 4,12 | 4,79 |
| Неквалитетно и недостапно образование | 3,17 | 1,18 |
| Ниска политичка партиципација на младите | 2,91 | 1,13 |
| Недоволна грижа на општината за младите | 3,50 | 1,10 |
| Низок животен стандард и слаба мобилност | 3,78 | 1,16 |
| Апатичности и незаинтересираност на младите | 3,54 | 1,16 |
| Окупираност на младите со забава и трошење | 3,65 | 1,06 |
| Недостаток на животна перспектива | 3,86 | 0,89 |

| ПРАШАЊЕ: Според твое мислење кој проблем најмногу ги загрижува младите во Битола? | Средна вредност | Стандардно отстапување |
|---|---|---|
| Проблем со станување/живеалиште | 3,31 | 1,11 |
| Непостоење на доволно места за излегување и дружење | 2,83 | 1,30 |

*Графикон бр.2*: Проблеми кои ги загрижуваат младите




Резултатите покажуваат дека најмногу ги загрижува младинската невработеност (М= 4,1). Ова е проблем кој неможе да се игнорира, особено што во последните децении младите во Македонија континуирано се соочуваат со проблемот на невработеност. Доколку ги земеме во предвид и негативните ефекти кои долготрајната невработеност ги има врз младите, нѐ изненадува и високиот среден скор на варијаблата за големото присуство на болести на зависност помеѓу младите (М= 4,12). Најновите истражувања за младите во Република Македонија од 2013 година истакнуваат дека дури една четвртина од младите конзумираат цигари и алкохол.[10]

Корелација помеѓу варијаблата окупираност на младите со забава и трошење, со варијаблата низок животен стандард (Pearson = 0,272) и со варијаблата недостаток на животна перспектива (Pearson = 0,259), иако доста ниска сепак е статистички значајна на ниво 0.01 што укажува дека покрај важноста на изгледот и потребата за убав живот и забава сепак младите од Битола се загрижени за својата иднината. Овој тренд е присутен кај најголемиот број млади од Македонија на кои најважно им е да изгледаат добро и модерно, но исто така важно им да имаат кариера и да бидат независни.[11]

Добиените резултати не покажуваат особена загриженост на младите со состојбата на апатичност и незаинтерисираноста во однос на нивното вклучување во процесите на заедницата. Наспроти, пак возрасните ги гледаат младите како особено инертни, тие сметаат дека младите никако нема да се поместат доколку не им се понудат можности за активирање.

> М, Претставник од локалните институции: „*Постои пасивност и индеферентност кај младите и тешко се активираат се додека не им се фрли ракавицата, односно не се предизвикаат и не се*

---

10 [7] СТУДИЈА за младите во Република Македонија - Марија Топузовска Латковиќ... и др. - Фондација Фридрих Еберт, Канцеларија Скопје 2013, стр.26

11

*стaвaaт вo пoзициja дa имaaт мoжнoсти дa сe рaзвивaaт. Toa вo oпштинaтa тeшкo нeкaкo сe успeвa сo oдрeдeни иницијaтиви и мoжнoсти. Moжeби зaeднички нeвлaдинитe ќe мoжeмe дa ги прoвoцирaмe млaдитe и дa сe пoттикнaт“.*

M, Претставник од граѓанските организации: „*Недостатокот на капацитети за соработка е важен момент. Меѓуинституционална соработка воопшто нема. Во институциите не се спремни да им даваат одговорност на младите, од аспект на грижа да не згрешат или слично. Но зарем не учат така младите... Ако има ентузијазам во активноста на младите треба да се цени и поттикнува, од страна на возрасните. Волјата недостасува, пред се од наставниците, а потоа и соучениците не ги подржуваат, па така активните се чувтвуват неценети и престануваат да се вклучуваат“.*

Тргнувајќи од ваквите перцепции за интересот на младите за инволвирање во развојните процеси во заедницата се чини стартните позиции се различни. Возрасните ги гледаат младите како инертни и незаинтересирани, додека младите немаат мотив за учество и партиципирање. Партиципацијата и инволвирањето ги зближува младите, им овозможува информации и идеи, ја зголемува капацитетите за превземање акции, но факторот мотивираност и важен кога станува збор за младинскиот активизам. За позначјна инволвираност потребно е да се создаде контекст на широка соработка и разбирање, во кој гласот на младите е слушнат и сериозно разгледан.

## 3. Перцепција за одговорните структури за решавање на младинските прашања

Кога станува збор за решавање на младинските проблеми многу често сме сведоци на пренесување на одговорноста од една на друга структура во рамки на заедницата, затоа ги прашавме младите кого тие го сметаат за одговорен за моменталните младински состојби во општина Битола. Перцепцијата се мереше со сложувања на 5 степена скала на понудени 8 одговори: родители/ училиштата/ верски заедници/ локална самоуправа/ државата/ лидери на политички партии/ самите млади/ младински здруженија.

*Табела бр.3* : Кој е најодговорен за решавање на младинските проблеми

| ПРАШАЊЕ: Кој според вас е најодговорен за решавање на проблемите на младите луѓе во општина Битола? | Средна вредност | Стандардно отстапување |
|---|---|---|
| Родителите | 3,59 | 1,33 |
| Училиштето (психолози, педагози, настаниви...) | 3,21 | 0,98 |
| Верските заедници | 2,25 | 1,01 |
| Локалната самоуправа/општината | 3,18 | 1,21 |
| Државните институции | 3,22 | 1,14 |
| Секоја млада личност за себе | 4,13 | 0,91 |
| Младинските здруженија и организации | 3,22 | 1,12 |
| Никој | 1,78 | 1,18 |

*Графикон бр.3* : Кој е најодговорен за решавање на младиските проблеми




Одговорност за решавањето на проблемите, младите во општина Битола гледаат кај нив самите (М=4,13). Ваквиот скор зборува за присуство на развиена индивидуална социјална одговорност кај Битолската младина, што значи дека овие млади луѓе се чувствуваат компетентни да превземат одговорност за нивните активности и да донесуваат социјално одговорни одлуки. Обезбедувањето можности за практикување на индивидуалната и социјална одговорност е од суштествено значење за развој на продуктивни членови на заедницата. Меѓутоа ако ги погледнеме скоровите на средните вредности на варијаблите за одговорноста на родителите, општинските и државните институции и училиштето може да се заклучи дека токму тие кои во локалната заедница се во можност да обезбедат услови за развивање и практикување на индивидуалната социјална одговорност, младите во одредена мера ги сметаат одговорни за решавање на нивните проблеми. Ова е многу важен индикатор во однос на потребите на младите, односно е показател дека почитувањето на нивниот интегритет и активно барање на инпут за одлуките на општинско ниво е мотивирачки фактор да се инволвираат и да бидат влијателни учесници во процесите на заедницата.

Квалитативната анализа го дава стојалиштето на возрасните кое се чини не е исто со онаа на младите. Возрасните во извесна мера ја негираат и тргаат од себе одговорноста за она што се случува со младите и проблемите со кои тие се соочуваат.

> Ж, претставник од локалните институции: *„... младите се доста активни и секогаш се спремни да се вклучат во она што го имаме како задача во училиштата...“.*

> М, претставник од општината: *„Потребни се дебати зедно со младите, за да ги разлгедаме овие моменти. Мислам дека треба да разговараме со нив за тоа колку им даваме простор да функциионираат. Помладите можеби ќе ни кажат што и како им треба и колку ние од опшината сме во чекор со современието“.*

> М, претставник од граѓанските здруженија: *„Училиштата создаваат неписмени и неизградени млади за да бидат активисти. Како да ги изградиме ние во граѓански активисти кога институциите крахираат“.*

> Ж, претставник од граѓанските организации: *„Граѓанските здруженија немаат доволно капацитети и ресурси да им помогнат на младите да реализираат било какви идеи. На пример немаме просторни услови за состаноци, а да не зборуваме за останатото..“*

Верските заедници/институции се со најнизок скор на скалата на сложувања во однос на нивното влијание при решавањето на младинските проблеми М = 2,25, па се поставува прашањето дали младите воопшто и сметаат дека овие институции се во можност да влијаат при решавање на нивните проблеми, особено кога знаеме дека невработеноста е таа која најмногу ги засега.

Најмалиот скор на средната вредност на варијаблата -никој не ја сноси одговорноста за решавање на младиснкит проблеми (М=1,78), го презентира ставот дека младите не прифаќаат

состојбите да се гледаат како судбина или пак след на случувања. Според нив неможе никај да не е одговорен за позицијата во која се наоѓаат младите во општина Битола.

Вкрстувањето на демографските податоци и добиените одговори на скалата на сложување покажа статистичка разлика помеѓу ставовите на машките и женските испитаници само на една варијабла и тоа токму во несложувањето дека никој не е одговорен. Со тоа што женските нешто повеќе не прифаќаат дека нема одговорен за состојбите во однос на машките испитаници.

## 4. Перцепција за влијанието на младите врз решавањето на нивните проблеми

Мислењето за влијанието кое го имаат врз решавање на нивните проблеми младите ја изразија на скала со 3 понудени одговори: Да, имаат големо влијание / Имаат мало влијание / Не, немаат никакво влијание.

*Табела бр.4* : Имаат ли младите влијание за решавање на нивните проблеми?

| ПРАШАЊЕ: Сметате ли дека младите имаат влијание/удел за решавање на нивните проблеми? | фрекфенција |
|---|---|
| ДА, имаат големо влијание | 73 |
| Имаат мало влијание | 31 |
| НЕ, немаат никакво влијание | 11 |
| | |
| Вкупно | 115 |

*Графикон бр.4* : Имаат ли влијание младите за решавање на нивните проблеми?




Од презентираното може да се види дека најголемиот број млади сметаат дека имаат големо влијание 63% при решавање на нивните проблеми, додека оние кои сметаат дека имаат само мало

влијание се помалку од една третина односно 27%. Само мал дел (10%) од нив сметаат дека младите немаат никакво влијание за решавање на нивните проблеми.

Со цел да видиме што гледаат како причина за слабо или никакво влијание на младите при решавање на нивните проблеми ги прашавме понудувајќи им неколку опции за одговор. Она што го добивме во најголем процент е мислење дека младите се инертни (47%). Нешто помалку (35%) од нив сметаат дека причина за слабата влијателност се политичките и економските проблеми со кои се справува државата, додека 10% од младите кои одговориле на оваа прашање како причина наведуваат одсуство на спремност на локалните власти за соработка со младите. Само 8% сметаат дека отсуството на структури и механизми за поттикнување на младинското учество доведува до слабо влијание на младите при решавање на нивните проблеми.

*Графикон бр. 5* : Причини за слабо или никакво влијание на младите




Перцепциите на причините за слабото влијание на младите зборува за комплексен проблем кој скоро секогаш е присатен во времиња на социјални промени, економски застој и политички натпревари во рамки на општествата. Бројни истражувања нагласуваат дека младите се индиферентни кон политичките структури кои не покажуваат интерес за нивните потреби и интереси, но сепак остануваат заинтересирани за социјалните и политичките прашања и продолжуваат да барааат препознавање од политичкиот систем. Препознавање и уважување на овие потреби на младите ќе овозможи развивање на програми преку кои младите луѓе ќе се видат себе си како градители на општеството, креатори на културата и одлучувачки фактори во развојните процеси на заедницата.

## 5. Перцепција за начинот на решавање на проблеми на младите

Во однос на придонесот за решавање на проблемите кои ги окупираат младите во општина Битола на понудени 7 тврдења тие ги презентираат своите ставови со одговори на 5 -степена скала на сложување, од 1-воопшто не се сложувам до 5-целосно се сложувам. Во однос на понудените одговори младите покажаа одредена согласност со сите понудени опции (нема варијабла со средна вредност пониска од 3 – и се сложувам и не се сложувам).

Ова зборува на тоа дека младите и покрај неактивноста и инертноста сепак имаат мислења за начините како може да се решат нивните проблеми на општинско ниво. Проблемот со невработеноста младите го смеатаат за приоритет во однос на решавањето на остатите проблеми (М=4,2), а овој приоритет го ставаат заедно со потребата за обезбедувањето на квалитетно образование во склад со пазарот на трудот (М=4,1). Овој сеприсутен проблем со невработеноста не ги одминува ниту младите во Битола и тука малку може да се делува на ниво на локалната заедница, меѓутоа она што е важно да се истакне е мислењето на овие млади луѓе за потребата од локална младинска стратегија на општина Битола (М=4,2).

*Табела бр.5* : Што најмногу би придонело за ефикасно решавање на младинските проблеми?

| ПРАШАЊЕ: Што според твое мислење најмногу би придонело проблемите на младите во општина Битола да бидат поефикасно решени? | Средна вредност | Стандардно отстапување |
|---|---|---|
| Потикнување на вклученост на младите во општествено-политичкиот живот - активизам | 3,1 | 1,1 |
| Да се обезбеди учество на младите во процесите на одлучување | 3,7 | 1,1 |
| Да се обезбеди квалитетно образование во склад со пазарот на труд | 4,2 | 0,9 |
| Обезбедување на поттик за делотворно и системско вработување на младите | 4,1 | 1,0 |
| Поголема подршка од градските власти на младинските организации | 4,1 | 0,9 |
| Да се изготви стратегија за подигнување на квалитетот на животот на младите во Битола | 4,2 | 0,9 |
| Да се отвори сектор за млади и младински политики во рамки на општината | 3,6 | 1,2 |

*Графикон бр. 6* : Што најмногу би придонело поефикасно решенавање на младинските проблеми?




Добиените податоци ја покажуваат недовербата на Битолската младина во пратиципативноста како процес кој би довел до решавање на нивните проблеми. Обезбедувањето на учество на младите во процесите во заедницата (М=3,7) и потикнувањето на вклучување на младите во општествено-политичкиот живот (М=3,1) се варијабли со најмали средни скорови. Овие скорови заедно со перцепцијата на младите за нивната пасивноста, но истовремено и свесноста за индивидуална одговорност го потврдува отсуство на мотивација за инволвирање во процесите на заедницата.

Според квалитативната анализа за решавање на младинските проблеми, според мислење на возрасните, потребно е обезбедување на просторни услови кои би биле отворени за младите и работа со младите, а тука е и ставот за намалување на партиската инволвираност при решавање на младинските прашања и секако потребата од формирање на Локален младински совет.

М, претставник од општината: *„Простор им е потребен на младите. Простор каде ќе можат да дебатираат и разменуваат идеи...".*

М, преставник од граѓанските организации: *„Простор, дефинитивно простор каде би работеле младинските организации, но и каде би се собирале младите. Многу малку младински организации имаат простор за организирање на работилници и слично. Во Битола немаме ни младински центар, а имаме потреба от тоа. Кога би имале младите простор за развивање на креативноста, тие би биле поактивни... "*

Ж, претставник од граѓанските организации: *„Потребно е формирање на ЛМС на Битола за да имаме позадина каде ќе бидат опфатени сите организации и сите млади. Така ќе бидеме сплотени и ќе можеме да влијаеме врз советот и општинските одлуки на формален начин".*

Ж, претставник од општината: *„Општината има проблем во однос на тоа што не е отворена кон невладиниот сектор. На пример во рамки на одлучувачките прашања никогаш не сме повикани или вклучени во одлучувањата и донесувањата на решенија".*

Разлики во перцепцијата на младите и возрасните во однос на начините на решавање на младинските проблеми е приказна за различно разбирање на партиципативноста. За да имаме партиципација потребно е граѓаните да имаат увид дека нивното инволвирање дава резултат. За да се

мотивираат младите потребно е да имаат чувство дека нивниот глас се брои, односно дека имаат влијание врз случувањата односно да им се даде прилика слободно да зборуваат за она што ги загрижува. Потикнување и одржување на постојано вмрежување на граѓаните, локалните власти и граѓанските организации и институции е неопходен процес, клучен за развој на локалната заедница особено во процесот на транспарентно владеење и намалување на апатичноста и незаинтересираноста на младите за развојните процеси во заедницата.

## 6. Спремност на младите за активирање и вклучување во различни сфери

Сликата за тоа колку се спремни младите во Битола да се вклучат во различни сфери се формираше преку 6 понудени опции за инволвирање. Испитаниците избираа една од три понудени одговори: Не -1, не сум сигурен/а -2 и Да-3. Средните скорови на секоја понудена активност се дадени во табела број 6.

*Табела бр.6*: Во кои активности се спремни младите да учествуваат

| ПРАШАЊЕ: Во која од наведените активности сте спремни да учествувате со цел решавање на проблемите? | Средна вредност | Стандардно отстапување |
|---|---|---|
| гласање на избори | 2,1 | 0,8 |
| потпишување на петиции | 2,1 | 0,8 |
| организирање на граѓански протести и акции | 2,2 | 0,7 |
| вклучување во работата на подмладоци на политичките партии | 1,9 | 0,8 |
| вклучување во работата на хуманитарните организации | 2,9 | 0,4 |
| вклучување во волонтерски иницијативи | 2,6 | 0,6 |
| донирање и собирање на парични средства | 2,7 | 0,6 |

*Графикон бр.* : Во кои активности се спремни да учествуваат младите со цел решавање на проблемите?




Анализа на одговорите на оваа варијабла покажува висока спремност на младите за вклучување во работата на хуманитарни организации, вклучување во волонтерски иницијативи и донирање и собирање на парични средства. Од податоците се забележува спремност за хуманитарна активност, каде младите можат да придонесат за доброто на заедницата, но се чини не се сосема сигурни во

нивната спремност да се активираат со гласање на избори, поддржување и потпишување петиции и иницијативи, како и вклучување во организирање на граѓански протести. Ако знаеме дека клучен елемент на партиципативноста е чуството дека се има корист од онаа што се дава/вложува тогаш треба да се разгледа мотивираноста односно потребата која е во основа на овој вид инволиварање.

Податоци од истажувања зборуваат за важност на потребата за самоактуелиазација. Најголемиот број млади признаваат дека се вклучуваат бидејќи сакаат да допринесуваат при решавање на проблеми, да постигнуваат резултати и да го реализираат она што го умеат и знаат.[12] Најчести објаснувања за овој вид активизам, добросостојба на заедницата, се во термини на мотивот за заедништво. Постојат потврди за тоа дека во услови на работа на групниот идентитет, индивидуите можат, а најчесто и се активираат со крајна цел подобрување на добросостојбата на нивната група.[13]

Од друга страна доколку се навратиме на (не)мотивираноста на битолската младина за партиципирање, апатичност, причини за слаба влијателност и мислењата за можни решенија, не е за изненадување најнискиот скор на варијаблата - спремност вклучување во политички партии (M=1,9). Факт е дека политичката активност на младите во целина во Република Македонија не е задоволителна веќе подолг период. Младите не се заинтересирани да излезат на гласање, ниту пак да побараат решавање на некој проблем од јавните функционери. Заложувањето на Владата за решавање на овој проблем во 2010 година со усвојување на Регионална декларација за младите и нивно учество во донесување на одлуки, сеуште е само заложба ставена на хартија[14]. Во исто време извештајот од анализата на програмите на политичките партии пред локалните избори во 2013 година уште еднаш ја потврдуваат позицијата на младите во општеството како украс на политичките говори во предизборните процеси.[15]

Младите постојано ги нагласуваат истите барања што е потврда на фактот дека многу малку има вистинско решавање на младинските проблеми, а токму ваквите состојби на отсуство на решенија и промени најчесто доведува до незадоволство и фрустрација.

## Заклучоци и препораки

Партиципативноста може да се согледа од три аспекти и тоа: како индивидуален институцинализиран акт со кој луѓето настојуваат да влијаат на одлучувачките процеси, како вид на групна или колективна активност, најчесто на волонтерска база која може да влијае на јавното мислење, и како активност која властите или друг вид на формални институции го потикнуваат со цел инволвирање на граѓаните или граѓанските здруженија во процесите на одлучување во заедницата. Овие три начини на разбирање на партиципативноста се често користени без разлика на фактот дека тоа се целосно различни процеси на инволиврање во политиката или општеството.

Спроведеново истражување се базира на гледиштето дека развојот на заедницата е одредена од способноста на локалните власти да мобилизираат ресурси и да потикнат инволвирање на граѓаните во развојните процеси. Токму младите претставуваат непроценлив ресурс и преку нивната вклученост и соработка со возрасните и организациите стекнуваат вештини, сигурност, самопочит и лидерски способности. За да инволвираноста, односно вклученоста на младите има ефект мора да биде прифатена од институциите и локалните власти. Важна улога во процесот на инволвирање игра и нивото на мотивираност за овој вид граѓански ангажман.

---

12 Бошков, Габријела: „ Фактори кои влијаат врз инволвираноста на младите во процесите во заедницата“ -студија на случај – публикација на Фондацијата Фридрих Еберт – Скопје, 2013

13 Batson C. Daniel, Tsang Jo-Ann, Ahmad Nadia - “Four Motives for Community Involvement”: Journal of Social Issues, Vol. 58, No. 3, 2002

14 „Капитулациј, конфузија или отпор: Социјалниот капитал на македонските средношколци“ – МОФ и Реактор, ноември 2010

15 „Младите во изборните програми- Локални избори 2013“ - Аналитички извештај на Коалиција на младински организации СЕГА, Април 2013

Овде ги разгледавме аспектите на функционирање на младите преку проценка на состојбите и направивме мапирање на нивните потреби. Резултатите од истражувањето овозможија увид во факторите кои директно влијаат на обликување на однесување на младите и инволвираност во заедница, како и употреба на тие влијанија за мапирање на потребите. Секоја област презентира специфично влијание, а сите заедно даваат слика за можноста за потикнување ефективно партенерство со возрасните како и за зголемување на младинската мотивираност и одговорност за вклучувањето во процесите на донесување одлуки во заедницата.

Примерокот опфати популација од 15 до 29 годишна возраст. Најголем број од испитаниците се студенти и средношколци, со различно етничко потекло, кои живеат во урбана и рурална средина на територија на општина Битола. Според податоците од применетите квалитативни и квантитативни медоти се направи мапирање на потреби на младите во заедницата.

Квалитетот на животот во општина Битола младите го оценуваат со преодна оценка, односно не се задоволни ниту пак се незадоволни. Загрижени се за својата иднина, оптоварени се со проблемот на младинската невработеност, но и рашireноста на болестите на зависност помеѓу младите.

Одговорноста за решавање на проблемите во висок процент ја гледаат кај себе си, но доста голема одговорност им препишуваат и на родителите, а за одговорни ги сметаат и државата и локалните власти, но и граѓанските здруженија.

Повеќе од половината сметаат дека имаат влијание за решавање на проблемите кои ги мачат, меѓутоа инертноста и апатичноста кај младите како и моменталната општествено-економска ситуација доведуваат до намалување на тоа влијание.

Сметаат дека намалување на невработеноста би можела да се постигне со обезбедување на квалитетно образование во склад со потреби на пазарот на труд и секако потребно им е овозможување на системско вработување по завршување на образованието.

Најсогласни се дека општина Битола има потребата од донесување на локална стратегија за млади која ќе им даде насоки и ќе доведе до подобрување на состојбите со партиципативноста на младите во заедницата.

Спремни се да учествуваат во решавање на своите проблеми само во активности од хуманитарен карактер, додека за вклучување во активности од општествено-политички карактер чуствуваат извесна несигурност.

Врз основа на изнесените резултати и мапираните потреби на младите наведуваме чекори кои се потребни да се превземат со цел поттикнување и зголемување на вклученост на младите во процесите при донесување одлуки во зедницата:

1. **Запознавање на младите со значењето на процеси на учество во заедницата**, вклучувајќи ги родителите, возрасните и релевантните организации: Младите луѓе треба јасно да се запознаени со тоа што значи процес на донесување одлуки и како може тие да допринесат со нивното вклучување. Младите треба да знаат кои се можностите и зошто е потребно да се развива партиципативноста, како и што може да се постигне со тоа. Ова ќе ја редуцира можноста за јавување на недоразбирања, пред се сомнежи, недоверба и немотивираност во однос на учеството, а од друга страна ќе ја зајакне нивната одговорност, бидејќи процесите на учество повикуваат и на одговорности.

2. **Подобрување на можностите за учество и мотивирање на младите**: Дизајнот и спроведувањето на учество на младите во одлучувачките процеси досега се видени, скоро секогаш, како негативно искуство од едноставно јавно дебатирање, трибини и дискусии без никаков ефект. Ова значи, дека е неопходно подобрување на можностите и мотивираноста за учество при што треба да се земе во обзир следново:
   - Вклучување на младите доволно рано во одлучувачките циклуси.
   - Вучување на младите во целиот процес на одлучување, од моментот на планирање и дефинирање, преку одлучување, до имплементација на одлуките.

- Обезбедување на соодветен начин на учество на сите млади, во склад со нивната желба и во согласно нивното секојдневно функционирање (време и простор достапен за младите)
- Менаџирање на консултациите на начин доволно интересен на младите, при што младите ќе бидат прашани еднаш за една тема, а не постојано повторување на консултации на исти односно слични теми. (Младите луѓе ги вреднуваат можностите со интересни компоненти засновани на дускусија, но поттикнати од организаторите да се размислува кретативно и да се инкорпорираат повеќе инерактивни активности релевантни за животот на младите. На пример: состаноци кои за младите најчесто се досадни неопходно е да се комбинираат со друг вид на активности како средби со лидери во заедницата, заеднички вечери, следење на концерти и спортски натпревари или гледање на филмови...)
- Обезбедување на различни опции за партиципирање за да се овозможат различни нивоа на вклученост
- Споделување на информација со младите за тоа колку нивното гледиште имало влијание и како било земено во обзир
- Информирање за крајниот резултат односно конечната одлука

3. **Промовирање на придобивките од учеството**: Луѓето сакаат да видат дека со нивната партиципативност прават разлика и истите ќе се ангажираат ако ги засегнува нешто што нив лично им значи и ако веруваат дека тоа вреди. Институциите, организациите и групите треба да направат младите да чувствуваат дека нивната помош или вклученоста е потребна, вреднувана и значајна за нив. Тоа ќе овозможи да останата инволвирани, без разлика на активностите кои тие ги прават или пак нивото на нивната инволвираност.

4. **Ставање поголем акцент на комуницирање на влијанијата од партиципативноста:** Организациите и локалните власти на сите нивоа треба да бидат свесни за придобивките од партиципативност на младите и заради тоа треба да ги користат како мамка за да привлечат поголема вклученост и задоволство кои ги носи нивната партиципативност. Регуртација на нови партиципанти често се одвива токму преку ширење/комуницирање на ифнормацијата. Доколку идивидуите чувствуваат дека се вреднувани и дека нивното учество направило промена, тие ќе ги пренесат позитивните приказни на луѓето кои ги знаат и ќе ги охрабрат да се вклучат.

5. **Креирање на Локален младински совет:** Инволвирање на младите во спроведување на политиките и креирање на младинските програмите е можно со институционализирање на формално учество преку тело кое ќе ги претставува младите.

6. **Заедничка соработка за заеднички цели! Вмрежување и соработка на граѓанскиот сектор, општината и локалните институции со младите**: Неопходно е развивање на партнерство помеѓу младите и возрасните каде на младите ќе им биде делегирана моќта за донесување на одлуки во области релевантни за нивните животи. Тоа се области во кои се истакнува распределба на моќта помеѓу локалните власти и младите луѓе. На тој начин им се оддава признание на младите дека се експерти за нивните животи и имаат целосна поддршка во организациските процеси од возрасните што ги охрабрува да влијаат на одлучувачките процеси и резултатите од истите.